| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Горан Минчев, министер за јавна администрација и<br><br>д-р Лазе Јакимовски, заменик на министерот за јавна администрација |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Ѓорѓи Влајнкиноски, државен секретар во Министерството за јавна администрација и<br><br>м-р Есма Адиловиќ - Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за високи раководители

Скопје, мај 2026 година

ВОВЕД

1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за високи раководители претставува суштинска и прагматична реформа на јадрото на извршната власт во Република Северна Македонија. Законот за првпат воспоставува единствена правна рамка за именувањето, мандатот, одговорноста и разрешувањето на највисоките раководни позиции во државната управа и фондовите – институции кои секојдневно ги спроведуваат законите, владините политики, вршат управен надзор и одлучуваат за правата и обврските на граѓаните и бизнисите. Покрај наведените, Законот за високи раководители ги опфаќа и (високите раководители во) институциите формирани со законите со кои се уредуваат задолжителните нафтени резерви, катастарот на недвижности, урбанистичкото планирање, поттикнувањето и развојот на земјоделството, финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, примената на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, странските инвестиции и промоцијата на извозот, управувањето со одземен имот, филмската дејност, како и централниот регистар.

Со овој закон се надминува досегашната фрагментирана регулатива и неусогласените стандарди за слични функции, што придонесува за поголема правна извесност, еднаков третман и јасна линија на одговорност. Законот ја подигнува професионализацијата на високото раководство преку унифицирани и заострени услови за именување и основ да се води сметка за компетенциите, со што се зголемува квалитетот на управувањето и капацитетот на институциите.

Покрај тоа, детално се уредува постапката за именување на високи раководители, која се базира на принципите на транспарентност, мерит, квалитет и сл. Оваа постапка ќе ја спроведуваат, зависно од нивната надлежност да именуваат, Владата или управните одбори на органите и фондовите. Со други зборови, не се предвидува формирање на нови органи туку се користи постојната институционална инфраструктура. На тој начин се постигнува рамнотежа помеѓу професионализацијата на администрацијата и уставната улога на Владата како носител на одговорноста за резултатите на извршната власт.

Законот воспоставува јасна рамка за мандатите и ограничување на реизборот, со што се обезбедува баланс помеѓу стабилноста на институциите и потребата од отчетност и обновување на раководството. Дополнително, се воспоставува општа рамка за следење и оценување на резултатите од работењето на високите раководители, преку планови, извештаи и индикатори за учинок, што ја поврзува управувачката позиција со конкретни и мерливи резултати.

Една од најзначајните реформски новини е строгото ограничување на институтот „вршител на должност“. Со јасно утврдени услови и временски ограничувања, законот директно ја зајакнува институционалната стабилност и предвидливост.

Во крајна линија, Предлогот на закон за високи раководители воспоставува функционална и реалистична рамка за подобрување на управувањето со органите и фондовите – клучен предуслов за ефикасно спроведување на владините политики,

зајакнување на владеењето на правото и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. Поддршката на овој закон претставува поддршка на стабилни институции, отчетна извршна власт и суштински напредок во реформите на јавната администрација во Република Северна Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Законот за високи раководители е да се подобри и раководењето и управувањето со органите и фондовите. Органите на државната управа и фондовите, како и другите опфатени органи, го сочинуваат јадрото на извршната власт, односно тие ги спроведуваат законите и политиките, вршат управен надзор, решаваат во управни предмети и нудат услуги кои ги користат речиси сите граѓани. Следствено, (не)квалитетот во раководењето и управувањето со нив има далекусежни последици; не само што Владата не може да ги исполни определбите и целите кои ги зацртала туку и граѓаните имаат понизок квалитет на животот, а деловната клима во државата се влошува. На пример, најдобрите закони нема да имаат ефект ако инспекциските служби не вршат соодветен инспекциски надзор над нивната примена; најквалитетните политики во сферата на пензиското осигурување нема да вродат со ефект ако соодветниот фонд не работи ефикасно и квалитетно; најчесните намери на Владата преку користење на јавните расходи да се бори против социјалната нееднаквост нема да се остварат ако органите задолжени за тоа не прибираат јавни приходи; најискрените заложби да се охрабрат младите да отвораат свои бизниси нема да бидат реализирани ако трговскиот регистар е неефикасен, а органите за поддршка на претприемништвото не функционираат; интенцијата да се поддржи земјоделството нема да има влијание ако државата не успева да се погрижи за здравјето на растенијата и фитосанитарните стандарди и сл.

Оттука, во Законот за високи раководители се содржани одредби со кои се зајакнува примената на принципот на меритократија при именувањето на високите раководители, одговорноста на овие лица и отчетноста пред Владата и ресорните министерства.

## ОДНОС СО ДРУГИТЕ ЗАКОНИ

Високите раководители во органите на државната управа, со исклучок на државните секретари, во моментов се уредуваат со Законот за организација и работа на органите на државната управа (во натамошниот текст: ЗОРОДУ) и посебните закони со кои се (до)уредуваат конкретни органи во состав на министерствата и самостојни органи на државната управа. Сепак, не за секој орган на државната управа постои посебен закон со кој тој се (до)уредува. На дел од нив се применува само ЗОРОДУ.

ЗОРОДУ предвидува дека со органите во состав на министерствата и самостојните органи на државната управа раководи директор кој го именува и разрешува Владата, ако со закон поинаку не е уредено. Со последните измени и дополнувања на ЗОРОДУ од 2024 се воведоа и одредби според кои директорите на органите во состав на министерствата и самостојните органи на државната управа поднесуваат на усвојување, до ресорниот министер или Владата, извештаи и програми на усвојување. Сепак, во ЗОРОДУ, не се содржани одредби околу постапката за именување на директор, мандатот на директорите и основните за негово разрешување.

Посебните закони со кои се (до)уредуваат конкретни органи во состав на министерствата и самостојни органи на државната управа содржат одредби со кои се

надополнува ЗОРОДУ. Во нив се предвидуваат услови кои директорот мора да ги исполни, но анализите покажуваат дека тие, по правило, се премногу базични (државјанство, завршено високо образование, најчесто од било која област, непостоење на забрана за вршење на дејност, професија или должност, работно искуство од пет години, најчесто од било која област, и поседување на сертификат за познавање странски јазик). Исто така, во овие закони се предвидува дека директорот се именува по претходно објавен јавен оглас, но не се содржани одредби околу постапката што се спроведува по самото објавување на огласот и прибирање на пријавите. Во овие посебни закони е прецизиран мандатот на секој конкретен директор. Во најголемиот дел од овие закони не е уреден институтот вршител на должност. Дел од посебните закони со кои се уредуваат самостојни органи на државната управа предвидуваат дека во нив ќе има и управни одбори. Сепак, анализите покажаа дека не се уредени условите кои членовите на управните одбори треба да ги исполнуваат ниту пак постојат одредби за постапката за именување на членовите на управните одбори. Најчесто членовите на управните одбори ги предлага еден од министрите, а ги именува Владата. Во еден помал број од случаите, нив ги предлагаат асоцијации на граѓани, стопански комори и сл. Постоењето на управен одбор не значи дека тој секогаш ќе го именува директорот. Од аспект на разрешувањето, во посебните закони има извесни основи за разрешување, со што се надополнува ЗОРОДУ. Тие не се секаде истите.

Околу фондовите, за нив не постои еден единствен закон, како ЗОРОДУ, туку тие се уредуваат со трите различни закони: Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за здравственото осигурување и Законот за Фондот за осигурување на депозитите. Одредбите околу високите раководители во фондовите кои ги содржат спомenатите три закони се речиси идентични со оние од посебните закони за органите во состав на министерствата и самостојните органи на државната управа. Имено, во трите закони се предвидува дека трите респективни фондови ќе имаат управни одбори, но нема услови кои нивните членови треба да ги исполнуваат, а не е уредена ниту постапката за нивно именување (оглас, селекција и сл.). Дел од членовите на управните одбори се именуваат по предлог на здруженија на граѓани, потрошувачи и сл. За директорите, пак, е предвидено дека се именуваат по претходен објавен јавен оглас, но не е уредена постапката за нивно именување. Условите кои директорите мораат да ги исполнат се базични, како и кај органите на државната управа. Во законите се содржани одредби за разрешување, но не се секаде предвидени истите основи.

Околу другите опфатени органи, кои се основани како агенции и централниот регистар, ситуацијата е иста како со фондовите. Тие се уредени со повеќе закони, но во нив не се уредува постапката за именување на нивните директори и членови на управните одбори.

Земајќи ја предвид ваквата постојна правна рамка, со Законот за високите раководители:

- се надополнува правниот вакуум во делот на постапката за именување на високи раководители во органите и фондовите, независно кој, според постојните закони, е надлежен да го врши именувањето (Владата или управен одбор)
    - во овој дел нема колизија со ниту еден од постојните закони,
- се воедначуваат општите услови кои високите раководители треба да ги исполнуваат, а со посебните и секторските закони треба, понатаму, да се уредуваат посебните услови

    - во овој дел нема да има потреба од интервенција во ЗОРОДУ, но посебните закони со кои се уредуваат органите и фондовите ќе треба да се усогласат,
- се надополнува правниот вакуум во делот на вршителите на должност на високи раководители (в.д. директори, в.д. членови на управни одбори и сл.),
    - во овој дел нема колизија со ниту еден од постојните закони.
- се надополнува правниот вакуум во делот на основните за следење на резултатите од работењето
    - во овој дел нема колизија со ниту еден од постојните закони.

Значи, Законот за високи раководители е дизајниран како системски и хоризонтален закон, со кој не се заменуваат посебните секторски закони туку се воспоставува општа рамка што треба да се почитува во нивните норми. Со тоа се обезбедува усогласеност со постојната правна рамка без создавање на нормативна колизија. Посебните закони и натаму ќе ги уредуваат специфичностите на одделни органи и фондови, предвидувајќи посебни услови кои, освен општите во Законот за високи раководители, конкретните високи раководители ќе треба да ги исполнуваат.

Ситуацијата е поинаква кај државните секретари. Тие во моментов имаат статус на административни службеници, кои се уредени со Законот за административни службеници. Нивното опфаќање со Законот за високи раководители во органите на државната управа и фондовите ќе имплицира менување на нивниот статус: од административни службеници во носители на јавна функција на висок раководител. Истото ќе значи и соодветно менување на одредбите од Законот за административни службеници како од неговите одредби со кои се уредуваат категориите, нивоата и звањата на административните службеници ќе се исклучат државните секретари (кои во моментов спаѓаат во категоријата А).

ЗНАЧЕЊЕ И ВЛИЈАНИЈА НА ЗАКОНОТ

*Воедначување на правната рамка за високите раководители (раководните лица и органите на управување) во органите на државната управа и фондовите*

Законот за високи раководители точно дефинира кој сè е висок раководител во органите и фондовите, како и кој сè може, според закон, да именува високи раководители во органите и фондовите. Со тоа јасно се става до знаење кои високи раководители државата има намера да ги уреди на воедначен начин и да го имплементира принципот на меритократија во врска со нивното именување. Дефиницијата на високите раководители е понудена во членот 3. Во истиот член е уредено и кој, според закон, именува високи раководители. Во таа смисла, во членот 3 постои упатна норма: кој ќе биде надлежен да именува конкретен висок раководител ќе зависи од другите закони, а во Законот за високи раководители е поставена само општата рамка за условите (барем минимални) кои овие високи раководители треба да ги исполнуваат и постапката во која се именуваат.

*Воведување на начела*

Во Законот за високите раководители се утврдуваат начела за именувањето на високите раководители, но и принципи за нивното работење:

- начело на еднаков пристап (до функциите на високи раководители) и еднакви услови, сооодветна и правична застапеност и родова еднаквост
- начело на самостојност во вршењето на функцијата на висок раководител
- начело на конкурентност
- начелот на транспарентност и отвореност и начело на доверливост
- начело на професионална етика, непристрасност и објективност и
- начело на економично користење на средствата.

*Унифицирани и заострени услови за именување*

Во Законот за високи раководители се уредуваат општите (минимум) услови кои секој висок раководител треба да ги исполнува. Со тоа се пополнува постојниот правен вакуум (за оние високи раководители за кои услови воопшто не се предвидени) односно се заострува правниот режим (во однос на оние високи раководители за кои во моментов се предвидени услови, но се помалку строги). Исто така, со Законот за високи раководители се упатува на посебните, т.е. секторските закони во однос на уредувањето на посебни услови за високите раководители во извесни органи на државната управа или фондовите. Значи, со посебните закони може да се оди над минимумот воспоставен со Законот за високите раководители во органите на државната управа и фондовите, но не и под тој минимум.

Особено внимание се обрнува на образованието и работното искуство. Во законските одредби се специфицира минималното образование и работно искуство кои високите раководители мораат да го имаат, воедно и раководното искуство односно искуството во раководење со проекти.

*Рамка за мандат и ограничување на реизбор*

Се воспоставува јасна рамка за времетраењето на мандатот и ограничување на бројот на последователни реизбори. Ова создава баланс помеѓу стабилноста на управувањето и потребата од отчетност и обновување на раководството.

*Постапка за именување заснована на принципите на транспарентност, конкурентност и мерит*

Законот за високи раководители воведува значителни новини во однос на постојниот правен режим во кој воопшто не е уредена постапката за именување на било кој висок раководител во органите и фондовите (со исклучок на обврската да се објави јавен оглас).

Конкретните одредби околу бодувањето и другите прашања ќе се (до)уредат во уредба на Владата, за која е даден основ во Законот за високите раководители.

*Постигната рамнотежа: јасно уредена постапка, но користење на постојната институционална инфраструктура и непостоење на колизија со други закони*

Иако постапката за именување е јасно уредена, таа не предизвикува ниту дополнителни трошоци за државата ниту пак формирање на нови паралелни органи или институции.

Ова законско решение ја задржува одговорноста кај Владата, но ја зајакнува меритократијата и транспарентноста предвидувајќи јасни правила. Со тоа се обезбедува уставна конзистентност, според која Владата е одговорна за работењето на државната управа и другите државни органи кои одговараат пред неа, но и институционална стабилност и поголема веројатност за доследна примена.

*Ограничување на вршител на должност*

Се воведуваат строги ограничувања на институтот вршител на должност, како по однос на основите за именување, така и по однос на времетраењето. Ова директно адресира една од најчестите злоупотреби во практиката. Во однос на ограничувањето на институтот вршител на должност, импакт има и одредбата според која јавниот оглас за именување на висок раководител се објавува најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на постојниот висок раководител. Со оваа одредба се намалува просторот за воопшто да дојде до ситуација да биде нужен вршител на должност.

*Воспоставување на општа рамка за следење на резултати од работењето*

Во Законот за високите раководители е воспоставена општа рамка за следење на резултатите од работењето на високите раководители. Уредена е надлежноста, така што резултатите ги следи оној кој именувал или ресорниот министер тогаш кога именувала Владата по негов предлог), а уредени се и показателите (индикаторите) според кои се следат резултатите од работењето. Предвидена е обврска да се поднесуваат извештаи, со тоа што оваа одредба има улога на „дежурна“ одредба (ако со друг закон не е предвидено поднесување на други извештаи).

Исто така, со Законот за високите раководители се воедначени правилата за разрешување и предвремен престанок на мандатот.

Целта на Законот за високи раководители е и усогласување со европските принципи, стандарди и препораки. Законот е предвиден во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и е во согласност со СИГМА принципите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за високи раководители не предвидува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија .

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со предлог законот се врши усогласување со принципите на СИГМА. Законот за високи раководители во органите на државната управа е предвиден и во Националната програма за усвојување на правото со ЕУ 2021-2025 (НПП) и е со ЕПП број: 2019.0007.7736.

ПРЕДЛОГ НА

# ЗАКОН ЗА ВИСОКИ РАКОВОДИТЕЛИ

## ГЛАВА I.
## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот
### Член 1

Со овој закон се уредуваат опфатот, статусот на високите раководители во министерствата, другите органи на државната управа и управните организации, како и во други органи и фондовите, основните начела за високите раководители, условите и постапката за именувањето на високите раководители и разрешувањето на високите раководители, , како и други прашања поврзани со високите раководители.

### Цел на законот
### Член 2

Целта на овој закон е да обезбеди еднаков пристап до функциите на високите раководители и именување според заслуги, како и професионално, транспарентно, непристрасно и одговорно вршење на работите на високите раководители во министерствата, другите органи на државната управа и управните организации, како и во други органи и фондови, во насока на зајакнување на владеењето на правото и унапредување на ефикасноста и ефективноста на органите и фондовите.

### Опфат и примена на законот
### Член 3

(1) Одредбите од овој закон се применуваат на високите раководители во министерствата, другите органи на државна управа и управните организации, агенциите кои се основани со законите со кои се уредуваат задолжителните нафтени резерви, катастарот на недвижности, урбанистичкото планирање, поттикнувањето и развојот на земјоделството, финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, примената на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, странските инвестиции и промоцијата на извозот, управувањето со одземен имот, филмската дејност, националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и централниот регистар (во натамошниот текст: органи) и фондовите.

(2) Одредбите од овој закон не се применуваат на високите раководители во министерството надлежно за вршење на работите од областа на внатрешните работи и одбраната, органите во состав на министерствата и самостојните органи на државната управа кои вршат полициски работи и работи поврзани со националната безбедност, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст:

Владата), регулаторните тела, како и Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

(3) На високите раководители во органите и фондовите се применуваат одредбите и од другите закони со кои се основаат органите и фондовите за прашања кои не се уредени со овој закон и прашања за кои со овој закон се упатува на нив.

(4) За прашањата поврзани со правото на годишен одмор и заштитата при работа на високите раководители кои функцијата ја вршат професионално односно на кои им следува мирување на нивниот работен однос, а кои не се уредени со овој закон или законите од ставот (3) на овој член, се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

Високи раководители во органите и фондовите

Член 4

(1) Високи раководители во органите и фондовите (во натамошниот текст: високи раководители), во смисла на овој закон се лицата кои согласно закон се именуваат во органите и фондовите, а кои имаат статус на:

- раководни лица и нивни заменици
- државни секретари во министерствата,
- членови на органи на управување (во натамошниот текст: управни одбори) и нивни заменици и
- претседатели на управни одбори и нивни заменици.

(2) Високите раководители согласно закон ги именува и разрешува:

- Владата,
- Владата на предлог на ресорниот министер или
- управниот одбор на органот или фондот.

(3) Функциите на високите раководители во зависност од законот со кој се уредуваат, ги имаат еден од следните називи:

- директор,
- заменик директор,
- државен секретар во министерствата,
- претседател или член на управен одбор,
- заменик претседател или заменик на член на управен одбор,
- претседател, член, заменик претседател или заменик член на орган на управување кој носи поинаков назив од управен одбор или
- друг назив согласно закон.

(4) Управните одбори имаат три членови, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

Управување и раководење

Член 5

(1) Високите раководители раководат, односно при вршење на работите во органите и фондовите управуваат со нивните ресурси согласно Уставот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Уставот), закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, државните секретари во министерствата, кои ги именува Владата, ги вршат работите на управување со човечките ресурси, согласно закон, како и другите работи за кои се овластени од страна на министерот.

## ГЛАВА II.

## ОПШТИ НАЧЕЛА ЗА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ

### Начело на еднаков пристап и еднакви услови, соодветна и правична застапеност на припадници на сите заедници и родова еднаквост

### Член 6

(1) Функциите на високите раководители се достапни на сите заинтересирани кандидати под еднакви услови.

(2) При именувањето на високи раководители се води грижа за обезбедувањето соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, како и за родова еднаквост врз основа на критериумите на стручност и компетентност.

### Начело на самостојност во вршењето на функцијата на висок раководител

### Член 7

(1) Високите раководители се самостојни во вршењето на својата функција со цел да овозможат ефективност и ефикасност во работата на органот или фондот.

(2) Самостојноста на високите раководители се остварува врз основа на нивната стручност и личен интегритет, а во рамките на законите и со целосна професионална одговорност кон политиките и стратегиите утврдени од Владата и ресорните министерства.

### Начело на конкурентност

### Член 8

Именувањето на висок раководител се врши според заслуги, така што во транспарентна, фер и конкурентна постапка за селекција се избира најуспешниот кандидат.

### Начело на транспарентност и отвореност и начело на доверливост

### Член 9

(1) Високите раководители се должни во рамките на своите должности, да се грижат дека органот или фондот со кои раководат, односно управуваат, односно во кој вршат други работи согласно закон, постапува согласно прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер, отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор.

(2) Високите раководители во извршување на своите должностите со личните податоци и класифицираните информации постапуваат во постапка и под услови утврдени со закон.

Начело на професионална етика, непристрасност и објективност

Член 10

(1) Високите раководители при вршењето на функцијата се должни да ги почитуваат стандардите за личен интегритет, професионална етика, забрана на судир на интереси и спречување на корупција согласно со закон со кој се уредуваат овие прашања.

(2) Високите раководители се должни да ги почитуваат целите и да ги штитат интересите, угледот и интегритетот на органите или фондовите со кои раководат и управуваат, односно во кои вршат други работи согласно закон.

Начело на економично користење на средства

Член 11

Високите раководители, се должни материјалните средства, опремата и другите средства за работа на органот или фондот со кој раководат и управуваат, односно во кој вршат други работи согласно закон, да ги користат на економичен, разумен и ефикасен начин.

## ГЛАВА III.

## УСЛОВИ ЗА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ И МАНДАТ

Услови за висок раководител

Член 12

(1) За раководно лице или негов заменик (директор или заменик директор) во орган или фонд се именува лице кое ги исполнува следните услови:

- има државјанство на Република Северна Македонија,
- активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
- има постојано живеалиште во Република Северна Македонија,
- има завршено високо образование и стекнато најмалку ниво VIA или степен VII/1,
- има најмалку пет години работно искуство, од кои најмалку две години раководно искуство во јавниот или приватниот сектор, односно искуство со раководење и управување на проекти во област соодветна на делокругот на работата или надлежноста на органот или фондот, по завршувањето на високото образование согласно алинеја 4 на овој став,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- активно се служи со еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, германски или француски), односно да поседува сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија, англиски, француски или германски јазик, на најмалку Б2 (B2) ниво.

(2) За државен секретар во министерството може да се именува лице кое ги исполнува следните услови:

- има државјанство на Република Северна Македонија,
- активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,

- има постојано живеалиште во Република Северна Македонија,
- има завршено високо образование и стекнато најмалку ниво VIA или степен VII/1,
- има најмалку пет години работно искуство, од кои најмалку две години во јавниот сектор, како и најмалку две години раководно искуство во јавниот или приватниот сектор, односно искуство со раководење и управување на проекти во област соодветна на делокругот на работата како државен секретар во министерството или надлежностите на министерството,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- активно да се служи со еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, германски или француски), односно да поседува сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија, англиски, француски или германски јазик, на најмалку Б2 (В2) ниво.

(3) За претседател, член, заменик претседател и заменик член во управен одбор на орган или фонд може да се именува лице кое ги исполнува следните услови:

- има државјанство на Република Северна Македонија,
- активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
- има постојано живеалиште во Република Северна Македонија,
- има завршено високо образование и стекнато најмалку ниво VIA или степен VII/1,
- има најмалку пет години работно искуство,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- активно да се служи со еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, германски или француски), односно да поседува сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија, англиски, француски или германски јазик, на најмалку Б2 (В2) ниво.

(4) За условите за висок раководител од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, кои се однесуваат за завршено високо образование и за стекнато работно искуство се применуваат одредбите од овој закон, доколку со друг закон не е утврдено повисоко ниво или степен на образование или поголемо работно искуство.

(5) Условите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, како и условите утврдени со друг закон, на кои овој член упатува, се задолжителни и во случаите кога висок раководител согласно закон се именува од редот на вработените во органот или фондот.

(6) Покрај условите утврдени со закон, високите раководители треба да ги поседуваат и општите компетенции за високи раководители утврдени во уредбата за рамката на општи компетенции на високите раководители која ја донесува Владата, како и посебните компетенции наведени во јавниот оглас или интерниот оглас.

### Мандат на високите раководители

### Член 13

(1) Мандатот на високите раководители трае пет години, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

(2) Мандатот на високите раководители утврден со друг закон не може да биде пократок од две години.

## ГЛАВА IV.
## ИМЕНУВАЊЕ НА ВИСОКИ РАКОВОДИТЕЛИ

### Оддел 1.
### Општи одредби за јавниот оглас односно интерниот оглас и фазите на постапката за селекција

#### Јавен оглас и интерен оглас за висок раководител

#### Член 14

(1) Именувањето на висок раководител се врши врз основа на објавување на јавен оглас.

(2) Именувањето на висок раководител може да се врши по објавување на интерен оглас само кога со закон е предвидено дека високиот раководител се именува од редот на вработените органот или фондот, друга институција или правно лице.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, именувањето на висок раководител може да се врши без претходно да се објави јавен оглас или интерен оглас кога согласно закон именувањето на висок раководител се врши по претходен предлог од страна на здружение, комора или други правни лица, односно од институција која произлегува непосредно од Уставот.

#### Надлежност за објавување на јавниот оглас и интерниот оглас за висок раководител и место на објавување

#### Член 15

(1) Јавниот оглас, односно интерниот оглас за висок раководител, ги објавува:

- Владата ако согласно закон именувањето на високиот раководител го врши Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер или
- управниот одбор ако според закон именувањето на високиот раководител го врши управниот одбор.

(2) Јавниот оглас, односно интерниот оглас, се објавуваат на:

- интернет страницата на Владата за високите раководители кои ги именува Владата,
- интернет страницата на Владата и интернет страницата на министерството, за високите раководители кои ги именува Владата на предлог на ресорниот министер и
- интернет страницата на органот или фондот за високи раководители кои ги именува управниот одбор на органот или фондот.

(3) Јавниот оглас односно интерниот оглас покрај на интернет страниците од ставот (2) на овој член, се објавуваат и на интернет страниците на органите или фондовите каде треба да се именува висок раководител.

Содржина на јавниот оглас и интерниот оглас за висок раководител

Член 16

(1) Јавниот оглас за висок раководител, содржи:

- кој го објавува,
- основот за објавување на јавниот оглас,
- називот на органот или фондот во кој се именува висок раководител,
- називот на функцијата на висок раководител,
- опис на условите кои треба да ги исполнува кандидатот за висок раководител и општите и посебните компетенции кои треба да ги поседува кандидатот за висок раководител,
- доказите за исполнетост на условите и документите (програма и слично) кои треба да се приложат кон пријавата,
  начинот на доставување на пријавата заедно со доказите за исполнетост на условите и документите (програма и слично) кои се прилог на пријавата (преку адреса на електронска пошта, преку друга електронска платформа или хартиено во архива) и
- други елементи, доколку се утврдени со посебен закон.

(2) Во интерниот оглас, покрај содржината од ставот (1) на овој член, се наведува и од редот на кои лица треба да се именува високиот раководител.

Рок за објавување на јавниот односно интерниот оглас за висок раководител и пријавување

Член 17

(1) Јавниот оглас, односно интерниот оглас се објавува најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на високиот раководител.

(2) Рокот за пријавување на јавен оглас, односно интерен оглас за висок раководител не може да биде пократок од седум дена ниту подолг од 20 дена, од денот на објавувањето на јавниот оглас, односно интерниот оглас.

(3) Кон пријавата на јавниот оглас, односно интерниот оглас, покрај соодветните докази и други документи наведени во јавниот оглас, односно интерниот оглас, кандидатот за висок раководител задолжително мора да достави програма со визија за работата на органот или фондот.

Фази на постапката за селекција на високите раководители

Член 18

(1) Постапката за селекција на високи раководители се состои од проверка на уредноста на пријавата и исполнетост на услови, рангирање на кандидатите и интервју.

(2) Пред интервјуто, доколку тоа се цени за потребно, може да се организира и тестирање на кандидатите во случаите од членовите 23 и 32 од овој закон.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако согласно закон именувањето на висок раководител се врши по претходен предлог од страна на здружение, комора, други приватни правни лица, односно по предлог на институција која произлегува директно од Уставот, предлогот за именување се дава согласно нивните правила.

Оддел 2.

Постапка за именување на високи раководители кога именувањето го врши Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер

Оглас кој го објавува Владата

Член 19

(1) Ако согласно закон именувањето на висок раководител го врши Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер, јавниот оглас се објавува врз основа на заклучок на Владата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Владата може да донесе заклучок за објавување на интерен оглас ако се исполнети условите од членот 14 став (2) од овој закон.

Комисија при Владата

Член 20

(1) Ако високиот раководител согласно закон го именува Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер, постапката за селекција ја спроведува комисија формирана од страна на Генералниот секретар на Владата (во натамошниот текст: Комисија за селекција при Владата), која се состои од пет членови и нивни заменици и тоа: претседател и негов заменик, еден член и негов заменик од Канцеларијата на претседателот на Владата, два члена и нивни заменици од Генералниот секретаријат на Владата и еден член и негов заменик од редот на раководните државни службеници или други стручни лица за спроведување на постапка за селекција на високи раководители.

(2) Стручните и административните работи за Комисијата за селекција при Владата ги врши Генералниот секретаријат на Владата.

Проверка на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите од страна на стручната служба на Владата

Член 21

(1) По објавениот јавен оглас или интерен оглас согласно членот 19 од овој закон, проверката на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите ја врши Генералниот секретаријат на Владата.

(2) За кандидатите кои доставиле задоцнета пријава или неуредна пријава, односно кандидатите кои не ги исполнуваат условите, постапката завршува.

Рангирање на кандидатите од страна на стручната служба на Владата

Член 22

По завршувањето на проверката на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите согласно членот 21 од овој закон, Комисијата за селекција при Владата подготвува ранг листа на кандидати кои доставиле уредна пријава и ги исполнуваат условите, согласно закон.

Тестирање

Член 23

(1) По подготовката на ранг листата на кандидати согласно членот 22 од овој закон, Комисијата за селекција при Владата може да одлучи да се спроведе тестирање на кандидатите на ранг листата.

(2) Тестирање се спроведува кога тоа е неопходно заради дополнителна оценка на кандидатите поради тоа што поголем број од кандидатите имаат исти бодови на ранг листата од членот 22 од овој закон.

(3) Тестирањето кое се состои од ситуациони и релевантни прашања за функцијата на висок раководител за која се пријавил кандидатот се спроведува усно или писмено, од страна на Комисијата за селекција при Владата, а за терминот се известуваат сите кандидати од ранг листата од членот 22 од овој закон, најдоцна пет дена пред тестирањето.

(4) Ако се спроведе тестирање согласно ставовите (1) и (2) на овој член, се подготвува нова ранг листа во која се земаат предвид и резултатите од тестирањето од ставот (3) на овој член.

Интервју пред Комисијата за селекција при Владата

Член 24

(1) По подготовката на ранг листите од членот 22 или 23 од овој закон, Комисијата за селекција при Владата спроведува усно и/или писмено структурирано интервју со оние кандидати кои освоиле повеќе од половина од бројот на бодови кои ги освоил најдобриот кандидат при рангирањето или рангирањето и тестирањето, доколку тестирањето се спровело.

(2) За интервјуто се води записник.

(3) За кандидатите кои не освоиле доволен број на бодови за да бидат интервјуирани, постапката завршува.

Конечна листа на Комисијата за селекција при Владата

Член 25

(1) По завршувањето на интервјуто, а земајќи ги предвид интервјуто и ранг листите од членот 22 или членот 23 од овој закон, Комисијата за селекција при Владата подготвува конечна листа со најмногу три најуспешни кандидати за висок раководител, придружена со образложение на конечната листа на Комисијата за селекција при Владата.

(2) Ако именувањето на висок раководител согласно закон го врши Владата, Комисијата за селекција при Владата ја доставува конечната листа од ставот (1) на овој член, до Владата.

(3) Ако именувањето на висок раководител согласно закон го врши Владата по предлог на ресорниот министер, Комисијата за селекција при Владата ја доставува конечната листа од ставот (1) на овој член, до ресорниот министер.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, во рок од седум дена по приемот конечната ранг листа, ресорниот министер на Владата ќе ѝ предложи еден кандидат да биде именуван, а може да и предложи и донесување на одлука за невршење на избор доколку квалитетот на ниту еден од кандидатите не е задоволителен.

Одлука за именување на висок раководител донесена од Владата

Член 26

(1) Владата по приемот на конечната ранг листа согласно членот 25 став (2) од овој закон, донесува одлука за именување на висок раководител или одлука за невршење на избор доколку квалитетот на ниту еден од кандидатите не е задоволителен во рок од осум дена од денот на приемот на конечната ранг листа.

(2) Владата донесува одлука за именување на висок раководител или одлука за невршење на избор по приемот на предлогот од членот 25 став (4) од овој закон, во рок од осум дена од денот на приемот на предлогот.

(3) Одлуката од ставот (1) или ставот (2) на овој член, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", како и на интернет страницата на Владата и на органот или фондот каде се именувал висок раководител.

Правна заштита против одлука на Владата

Член 27

(1) Одлуката за именување на висок раководител, односно одлуката за невршење на избор од членот 26 од овој закон е конечна.

(2) Незадоволните кандидати од одлуката за именување на висок раководител, односно одлуката за невршење на избор од членот 26 од овој закон, имаат право да поведат управен спор пред Управниот суд во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката.

(3) Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на уредна тужба.

Оддел 3.

Постапка за именување на високи раководители кога именувањето го врши управниот одбор на органот или фондот

Оглас кој го објавува управниот одбор на органот или фондот

Член 28

(1) Ако согласно закон именувањето на висок раководител го врши управниот одбор на органот или фондот, јавниот оглас се објавува врз основа на нивна одлука, по претходно доставено известување до Владата.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, може да се донесе и одлука за објавување на интерен оглас ако се исполнети условите од членот 14 став (2) од овој закон.

Комисија за селекција при органот или фондот

Член 29

(1) Ако високиот раководител согласно закон се именува од управниот одбор на органот или фондот, постапката за селекција ја спроведува Комисија за селекција формирана од управниот одбор (во натамошниот текст: Комисија за селекција при органот или фондот).

(2) Комисијата за селекција при органот или фондот од ставот (1) на овој член, ја сочинуваат три члена, од редот на раководните државни службеници во државните институции, државните службеници кои имаат искуство во работите од областа на човечките ресурси во државните институции, државните службеници во Владата, членовите на управниот одбор или други лица кои имаат раководно искуство и/или друго искуство или други стручни лица за спроведување на постапката во Комисијата за селекција при органот или фондот.

(3) При формирањето на Комисијата за селекција при органот или фондот од ставот (1) на овој член, се внимава да не постои судир на интереси кај членовите, како и на тоа функцијата на високиот раководител за која се спроведува постапка за селекција да не биде непосредно претпоставена на членовите на Комисијата за селекција.

Проверка на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите од страна на Комисијата за селекција при органот или фондот

Член 30

(1) По објавениот јавен оглас или интерен оглас согласно членот 28 од овој закон, проверката на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите ја врши Комисијата за селекција при органот или фондот.

(2) За кандидатите кои доставиле задоцнета пријава или неуредна пријава, односно кандидатите кои не ги исполнуваат условите, постапката завршува.

Рангирање на кандидатите од страна на Комисијата за селекција при органот или фондот

Член 31

(1) По завршувањето на проверката на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите согласно членот 30 овој закон, Комисијата за селекција при органот или фондот подготвува ранг листа на кандидати кои доставиле уредна пријава и ги исполнуваат условите.

(3) Комисијата за селекција при органот или фондот ја доставува ранг листата од ставот (1) на овој член, до управниот одбор на органот или фондот.

Тестирање од страна на Комисијата за селекција при органот или фондот

Член 32

(1) По приемот на ранг листата на кандидати согласно членот 31 од овој закон, управниот одбор на органот или фондот може да одлучи да се спроведе тестирање на кандидатите на ранг листата.

(2) Тестирањето се спроведува кога е неопходно заради дополнителна оценка на кандидатите поради тоа што имаат ист број на бодови на ранг листата од членот 31 од овој закон.

(3) Тестирањето кое се состои од ситуациони и релевантни прашања за функцијата на висок раководител за која се пријавил кандидатот се спроведува усно или писмено и го спроведува Комисијата за селекција при органот или фондот, која е должна за терминот да ги извести сите кандидати од ранг листата од членот 31 од овој закон, надоцна пет дена пред тестирањето.

(4) Ако се спроведе тестирање согласно ставовите (2) и (3) на овој член, се подготвува нова ранг листа во која се земаат предвид и резултатите од тестирањето и се доставува до управниот одбор на органот или фондот.

Интервју пред управниот одбор

Член 33

(1) По приемот на ранг листата од член 31 од овој закон, ако не се организирало тестирање, управниот одбор на органот или фондот спроведува интервју со оние кандидати кои освоиле повеќе од половина од бројот на бодови кои ги освоил најдобриот кандидат при рангирањето.

(2) Ако се организирало тестирање, по приемот на ранг листата од членот 32 од овој закон, управниот одбор на органот или фондот, спроведува интервју со трите најдобро рангирани кандидати по тестирањето.

(3) За интервјуто се води записник.

(4) За кандидатите кои не освоиле доволен број на бодови за да бидат интервјуирани или пак кои не се меѓу трите најдобро рангирани по тестирањето, постапката завршува.

Одлука за именување на висок раководител од управниот одбор

Член 34

(1) Управниот одбор на органот или фондот по завршувањето со интервјуирањето, донесува одлука за именување на висок раководител или одлука за невршење на избор, доколку квалитетот на ниту еден од кандидатите не е задоволителен.

(2) Одлуката за именување на висок раководител од ставот (1) на овој член, се донесува земајќи ги предвид ранг листата од членот 31 или членот 32 од овој закон и резултатите од интервјуто.

(3) Одлуката од ставот (1) на овој член, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и на интернет страницата на органот или фондот.

### Правна заштита против одлуката на управниот одбор

Член 35

(1) Одлуката на управниот одбор на органот или фондот од членот 34 од овој закон, е конечна.

(2) Незадоволните кандидати од одлуката за именување на висок раководител, односно одлуката за невршење на избор од членот 34 од овој закон, имаат право да поведат управен спор пред Управниот суд во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката.

(3) Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на уредна тужба.

### Подзаконски акт за спроведување на постапката за селекција на високи раководи тели од страна на Владата или управниот одбор

Член 36

Образецот на јавниот оглас и интерниот оглас, образецот на пријавата, начинот на поднесување на пријавата, спроведувањето на фазите на селекција, начинот на бодување во фазите на селекција и начинот на подготвување на ранг листите и извештајот од спроведена селекција, како и други прашања поврзани со спроведувањето на постапката за именување на високи раководители од страна на Владата, односно на управниот одбор, ги уредува Владата.

## Оддел 4.

## Вршители на должност

### Именување на вршител на должност на висок раководител

Член 37

(1) Вршител на должност на висок раководител може да се именува во следниве случаи:

- кога на јавниот оглас или интерниот оглас не се пријавил ниту еден кандидат, а постапката не може навремено да се повтори пред да истече мандатот на постојниот висок раководител,
- кога се донела одлука за повторување на постапката, а постапката не може навремено да се повтори пред да истече мандатот на постојниот висок раководител,
- кога во текот на неговиот мандат високиот раководител е отсутен поради бременост, раѓање и родителство согласно општите прописи за работните односи или
- поради разрешување или предвремен престанок на мандатот на високиот раководител.

(2) Вршителот на должност на висок раководител може да се именува од редот на вработените во органот или фондот каде се јавила потребата за именување на вршител на должност.

(3) Вршителот на должност на висок раководител се именува за периодот до именувањето на висок раководител, но не за период подолг од шест месеци.

(4) За да биде лицето именувано за вршител на должност на висок раководител, треба да ги исполнува истите услови предвидени во членот 12 овој закон, за да биде висок раководител согласно овој и друг закон.

(5) Исто лице не може да биде именувано за вршител на должност на истата функција на висок раководител повеќе од еднаш.

(6) Одлуката за именување на вршител на должност на висок раководител се објавува на истиот начин, како и на одлуката за именување на висок раководител согласно овој закон.

(7) Со денот на именувањето за вршител на должност висок раководител, на вработениот во органот или фондот му мируваат правата и обврските од работниот однос што произлегуваат од работното место на кое бил распореден пред именувањето, до престанокот на вршењето на должност висок раководител.

## ГЛАВА V.

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ

### Примена на соодветни правни прописи

### Чкен 38

Одговорностите на високите раководители се уредуваат со законите со кои се уредуваат работата и надлежностите на органот или фондот.

### Должност за ограничување на политичкото дејствување

### Член 39

(1) Високите раководители не смеат со членството во политичка партија и со учеството во партиските активности да го доведат во прашање вршењето на своите надлежности и одговорности.

(2) Високите раководители не смеат да користат никакви ресурси и средства на органот или фондот за политички активности.

### Етичко однесување

### Член 40

(1) Високите раководители согласно овој закон се должни да се придржуваат кон Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

(2) Високите раководители се должни да се придржуваат и до другите кодекси за однесување, односно етички кодекси кои се однесуваат на нив.

### Плати и надоместоци на носителите на високите раководители

### Член 41

(1) Високите раководители имаат право на плата и надоместоци согласно законот со кој се уредува платата на избраните и именуваните лица или согласно друг закон.

(2) Владата ја утврдува рамката на надоместоците на членовите на управните одбори.

(3) Податоците за платата и надоместоците на високите раководители се информации од јавен карактер и се објавуваат на интернет страницата на соодветниот орган или фонд.

## ГЛАВА VI.

## СЛЕДЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ, РАЗРЕШУВАЊЕ И ПРЕСТАНОКОТ НА МАНДАТОТ НА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ

### Општи правила за следење на резултатите од работењето

### Член 42

(1) Резултатите од работењето на високите раководители, ако поинаку не е уредено со закон, ги следи:

- Владата ако според закон именувањето на високиот раководител го врши Владата,
- ресорниот министер ако според закон именувањето на високиот раководител го врши Владата на предлог на ресорниот министер или
- управниот одбор на органот или фондот ако според закон именувањето на високиот раководител го врши управниот одбор.

(2) Резултатите од работењето на раководното лице на орган или фонд се вреднуваат според исполнувањето на целите и показателите за успешност на органот или фондот утврдени во плановите и програмите за работа, исполнувањето на законските обврски, почитувањето на кодексот од членот 40 овој закон, почитувањето на одлуките на управниот одбор на органот или фондот, како и во други случаи утврдени со закон.

(3) Резултатите од работењето на државните секретари во министерствата се вреднуваат според исполнувањето на целите и показателите за успешност на министерството утврдени во годишниот план за работа на министерството, исполнувањето на законските обврски, почитувањето на кодексот од членот 40 од овој закон, почитување на насоките добиени од ресорниот министер, како и во други случаи утврдени со закон.

(4) Резултатите од работењето на претседателите на управните одбори и нивните заменици, како и членовите на управните одбори и нивните заменици се вреднуваат според нивното присуство на седници на управниот одбор, исполнувањето на обврските утврдени во закон и статут, почитувањето на кодексот од членот 40 од овој закон, како и во други случаи утврдени со закон.

Известување за резултатите од работењето

Член 43

(1) Високите раководители доставуваат на усвојување планови, програми и извештаи за своето работење и работењето на органот или фондот каде се именувани согласно закон.

(2) Ако во друг закон не е утврдена обврска од став (1) на овој член, високиот раководител до органот надлежен за следење на резултатите од неговото работење согласно членот 42 од овој закон, доставува на усвојување годишен план за својата работа најдоцна до 1 декември во тековната година за идната година и годишен извештај најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.

(3) Плановите, програмите и извештаите од ставот (1) или (2) на овој член, се подготвуваат така што се води сметка за усогласеност со програмата за работата на Владата, годишните програми на Владата, стратешките планови и годишните планови на министерствата, а во нив се содржани и цели на органот или фондот каде високиот раководител е именуван, односно цели на високиот раководител, како и показатели за успешност во работењето.

(4) Владата донесува упатство со кое ги уредува содржината на плановите, програмите и извештаите на високите раководители и начинот на усогласеност со актите од ставот (3) на овој член.

Разрешување на висок раководител пред истекот на мандатот

Член 44

(1) Високиот раководител може да биде разрешен пред истекот на мандатот:

- ако постапува спротивно на начелата на овој закон,
- ако не се усвои извештај кој тој го доставува согласно членот 43 од овој закон или друг закон,
- ако не ги исполнил целите предвидени во годишен план или програмата на Владата или
- ако не ги почитува одредбите на кодексот членот 40 овој закон.

(2) Високиот раководител ќе се разреши пред истекот на мандатот:

- ако не достави планови и извештаи кои е должен да ги достави според членот 43 од овој закон или друг закон,
- ако не се усвојат два последователни извештаи кои тој ги доставува на усвојување согласно членот 43 овој закон,
- ако е правосилно осуден за кривично дело,
- ако се утврди дека во постапката за именување дал лажни или невистините податоци или
- ако не е во можност да ја извршува својата функција на висок раководител повеќе од три месеци во континуитет.

Престанок на мандатот на висок раководител по сила на закон

Член 45

На високиот раководител му престанува мандатот, ако:

- тој тоа го побара
- исполни услови за старосна пензија,
- ја изгубил деловната способност,
- не исполнува некој од условите да биде висок раководител,
- органот или фондот каде тој е висок раководител е укинат,
- функцијата на висок раководител на која е именуван престане да постои како и
- во случај на смрт или
- врз основа на судска одлука.

## ГЛАВА VII.

## НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

### Надлежност за надзор над спроведување на законот

Член 46

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши министерството надлежно да ги врши работите што се однесуваат на државната управа.

(2) Инспекциски надзор над примената на овој закон врши инспекторатот надлежен да ја врши управната инспекција.

## ГЛАВА VIII.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Усогласување на закони

Член 47

Законите со кои се уредуваат функциите и должностите на високите раководители кои се уредени со овој закон ќе се усогласат со овој закон најдоцна во рок од три месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

### Донесување на подзаконски акти

Член 48

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

### Усогласување на кодекс

Член 49

Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата ќе се усогласи со овој закон, најдоцна во рок од три месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Мандат на високи раководители именувани пред примената на овој закон

Член 50

Високите раководители именувани до денот на отпочнување со примена на овој закон, продолжуваат да ја извршуваат функцијата до истекот на мандат за кој се именувани.

Примена на законот

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 октомври 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Се предлага донесување на Закон за високи раководители во органите на државната управа и фондовите, со кој ќе се пополнат постојните правни празнини во делот на условите и постапката за именување на раководните лица, членовите на колегијалните органи, членовите на органите на управување и нивните заменици во органите на државната управа (органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа и управните организации) и фондовите. Дополнително, со овој Закон ќе се подобри правната рамка за именувањето на државните секретари во министерствата, така што тие, за разлика од во моментот, ќе се именуваат по претходно објавен јавен оглас на кој ќе можат да се јават лицата кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот. Во таа конотација, заради поедноставување на законските одредби, со овој Закон сите овие лица (раководните лица, членовите на колегијалните органи, членовите на органите на управување и нивните заменици во органите на државната управа и фондовите, како и државните секретари во министерствата) се подведуваат под еден заеднички поим, а тоа е поимот на високи раководители во органите на државната управа и фондовите. На крајот, со овој Закон ќе се подобри и следењето на резултатите од работењето на овие лица, како и нивната одговорност пред оној кој ги именувал, доколку тоа не е Владата, како и пред Владата чии програма и политики тие треба да ги спроведуваат и пред кого одговараат.

Во контекст на односот со постојните закони, Законот за високи раководители на органите на државната управа и фондовите се јавува како lexspecialisB0 однос на ЗОРОДУ:

- во ЗОРОДУ се поставува општата рамка за раководните лица во органите на државната управа;
- со Законот за високи раководители на органите на државната управа и фондовите ќе се уредат заедничките правила за начелата за именување на високи раководители во органите на државната управа и фондовите, лицата со кои управуваат со органите на државната управа и фондовите и државните секретари, постапката за нивно именување која се должни да ја спроведуваат Владата, ресорните министри и другите надлежни да именуваат, мандатот на споменатите лица, институтот в.д. и сл.

Од друга страна, Законот за високи раководители на органите на државната управа и фондовите ќе биде lexgeneralis во однос на посебните закони со кои се уредуваат конкретните органи на државната управа (пример, Закон за Управата за јавни приходи, Закон за филмската дејност, Закон за јавните набавки, Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Закон за здравственото осигурување, Закон за Фондот за осигурување на депозитите и така натаму).

Значи, овие и бројни други закони со кои се уредуваат поедини органи на државната управа и фондови, како и нивните раководни лица и членовите на органите на управување кај нив, ќе треба да се усогласат со Законот за високи раководители на органите на државната управа и фондовите (на пример, во делот на постапката за именување на висок раководител, условите за именување на висок раководител доколку во извесен закон се пониски од минималните/општите наведени во Законот за високи раководители во органите на државната управа и фондовите), а да ги дерогираат и или дополнат неговите одредби

само во онаа мерка во која тоа е потребно и во која мерка Законот за високи раководители во органите на државната управа и фондовите дозволува т.е. упатува.

Целта на овој закон е да обезбеди еднаков пристап до функциите на високите раководители и именување според заслуги, како и професионално, транспарентно, непристрасно и одговорно вршење на работите на високите раководители во министерствата, органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа, управните организации и фондовите, во насока на зајакнување на владеењето на правото и унапредување на ефикасноста и ефективноста на овие органи.